Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 08-228/3
28.05.2021 год.
СКОПЈЕ

# ЗАКЛУЧОК

**за неповедување на постапка**

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација е поднесена преставка од [redacted] заверена со архивски број 0801-228/1 добиена на 16.07.2019 година поднесена против [redacted] Скопје по основ на етничка припадност во областа работа и работни односи.

Согласно чл. 47 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020 од 30.10.2020) започнатите постапки за заштита од дискриминација, како и за поднесените претставки по кои не е започната постапка до денот до влегување на овој закон во сила, ќе завршат според одредбите на овој закон.

Бидејќи Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од страна на подносителот на преставка беше писмено известена дека ја повлекува преставката, согласно член 27 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација кој гласи "Комисијата носи заклучок за неповедување или за запирање на постапката доколку подносителот одлучи да ја повлече преставката во текот на постапување„, Комисијата одлучи да донесе заклучок за неповедување на постапка.

Скопје
28.05.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска

Комисија за спречување и заштита од дискриминација • Скопје